СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Четврток, 11 мај 1967
Скопје
Број 18 Год. XXIII

Претплатата за 1967 год. изнесува 45 (4.500) дин. Овој број чини 0,80 (80) дин. Жиро сметка бр. 401-1-16.

162.

Врз основа на член 171 став 4 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија,

Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор одржана на 5 мај 1967 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА УСТАВНИТЕ АМАНДМАНИ

Се прогласуваат Уставните амандмани што ги усвои Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Републичкиот собор одржана на 21 април 1967 година, а со кои се согласија: Стопанскиот собор, Просветно-културниот собор, Социјално-здравствениот собор и Организационо-политичкиот собор на своите одделни седници одржани на 5 мај 1967 година.

Во Скопје, 5 мај 1967 година

Собрание на
Социјалистичка Република Македонија

Бр. 01-69
5 мај 1967 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Видое Смилевски, с. р.

УСТАВНИ АМАНДМАНИ

Овие уставни амандмани се составен дел на Уставот на Социјалистичка Република Македонија и влегуваат во сила со денот на нивното прогласување.

АМАНДМАН I

Пратениците во Сојузниот собор (Соборот на народите) Собранието ги избира на заедничка седница на сите собори од редот на пратениците. За пратеник во Сојузниот собор (Соборот на народите) Собранието може да избере и граѓанин што има избирачко право.

Кандидати за пратеници во Сојузниот собор (Соборот на народите) предлага Комисијата за прашања на изборите и именувањата по сопствена иницијатива или по иницијатива од Републичката конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија. Кандидати можат да предложат и најмалку дваесет пратеници.

Кандидатите за пратеници во Сојузниот собор (Соборот на народите) ги утврдува Собранието пред нивниот избор.

Изборот на пратениците во Сојузниот собор (Соборот на народите) се врши со тајно гласање.

За пратеник во Сојузниот собор (Соборот на народите) е избран кандидатот што добил мнозинство гласови на сите пратеници.

Пратениците на Сојузниот собор (Соборот на народите) избрани од редот на граѓаните имаат право и должност да учествуваат во работата на Републичкиот собор со права на член на тој Собор, освен да учествуваат во одлучувањето и да бидат избирани во телата на Соборот и на постојани функции во Собранието.

Пратениците на Сојузниот собор (Соборот на народите) како членови на Републичката делегација се должни да ги изнесат пред Соборот на народите мислењата и предлозите на Собранието по прашањата од делокругот на тој Собор. Овие пратеници го известуваат Собранието за прашањата што ги претресува Соборот на народите и можат да му предложат на Собранието да претресе определени прашања од делокругот на Соборот на народите.

Собранието може да го отповика пратеникот што го избрало во Сојузниот собор (Соборот на народите). Пратеникот е отповикан ако за отповикувањето гласало мнозинството на сите пратеници.

АМАНДМАН II

Предлог за именување и разрешување на републички секретари, секретар на Извршниот совет, републички јавен обвинител и други функционери и членови на органи на управување за кои тоа е определено со закон му поднесува на Собранието Комисијата за прашања на изборите и именувањата по претходно мислење на Извршниот совет. Извршниот совет може да поведе иницијатива за разрешување на некој од овие функционери и членови на органи на управување.

Предлог за избор и разрешување на претседател и судии на Врховниот суд на Македонија и на другите судови кога е тоа определено со закон му поднесува на Собранието Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Предлог за избор и разрешување на претседател и судии на Уставниот суд на Македонија му поднесува на Собранието Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

АМАНДМАН III

Републичкиот јавен обвинител го именува и разрешува Собранието.

Јавното обвинителство ги врши своите функции во примената на републичките закони во согласност со политиката на Собранието.

АМАНДМАН IV

Републиката, во рамките на правата и должностите утврдени со сојузен закон, е одговорна за заштитата на поредокот утврден со Уставот на Југославија (Државна безбедност).

163.

ИЗВЕШТАЈ НА РЕПУБЛИЧКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ НА ИЗБОРИТЕ ЗА ПРАТЕНИЦИ НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СРМ

ДО СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
— РЕПУБЛИЧКИ СОБОР —

Скопје

Републичката изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, во смисла на член 132 став 1 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и на основа на примените изборни акти му го поднесува на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија следниов

ИЗВЕШТАЈ

ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ НА ИЗБОРИТЕ ЗА ПРАТЕНИЦИ НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. На 23 април 1967 година се одржани непосредните избори за пратеници на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во изборните единици означени во Решението за распишување на избори за пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија бр. 01-253 од 11.II.1967 година на Претседателот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, објавено во „Службен весник на СРМ" бр. 5/67.

II. На изборите за пратеници на Републичкиот собор на Собранието одржани на 23 април 1967 година избирачите гласаа непосредно за кандидатите за пратеници чии кандидатури ги потврдија надлежните општински изборни комисии и кои беа избрани како кандидати за пратеници во општинските собранија на 9 април 1967 година. Имињата на овие кандидати ги објави Републичката изборна комисија, согласно член 102 став 1 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, со Објавата бр. 360 од 10 април 1967 година („Службен весник на СРМ" бр. 14/67).

III. Изборите се извршени во склад со одредбите од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

IV. Надлежните општински изборни комисии ги утврдија резултатите од гласањето во секоја изборна единица на начинот предвиден со член 127—129 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и според утврдената состојба ги прогласија за избрани и им издадоа уверенија на кандидатите што се означени во овој извештај.

Резултатите од изборите за секоја изборна единица се како следува:

1. Во изборната единица БИТОЛА I од запишаните 11.547 избирачи гласале 8.245 од кои за кандидатот Васко Карангеловски 7.893. Неважни гласачки ливчиња има 352.

За пратеник е избран ВАСКО КАРАНГЕЛОВСКИ, од Сплит за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

2. Во изборната единица БИТОЛА III од запишаните 10.843 избирачи гласале 7.761 од кои за кандидатот Раде Петровски 7.338. Неважни гласачки ливчиња има 423.

За пратеник е избран РАДЕ ПЕТРОВСКИ, од Битола за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

3. Во изборната единица БИТОЛА V од запишаните 6.211 избирачи гласале 5.169 од кои за кандидатот Аце Ристевски 5.070. Неважни гласачки ливчиња има 99.

За пратеник е избран АЦЕ РИСТЕВСКИ, од Битола за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

4. Во изборната единица БИТОЛА VII од запишаните 6.040 избирачи гласале 5.006 од кои за кандидатот Миха Ризевски гласале 4 084. Неважни гласачки ливчиња има 922.

За пратеник е избран МИХА РИЗЕВСКИ, од Битола за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

5. Во изборната единица БРОД од запишаните 9.835 избирачи гласале 7.683 од кои: за кандидатот Слободан Костоски 2.319, за кандидатот Никола Василевски 2.766, а за кандидатот Бошко Стефановски 2.475. Неважни гласачки ливчиња има 123.

За пратеник е избран НИКОЛА ВАСИЛЕСКИ, од село Дреново што добил најголем број на гласови

6. Во изборната единица ПРИЛЕП II од запишаните 8.237 избирачи гласале 6.203 од кои за кандидатот Кирил Гешоски гласале 5.732. Неважни гласачки ливчиња има 471.

За пратеник е избран КИРИЛ ГЕШОСКИ, од Прилеп за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запашани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

7. Во изборната единица ПРИЛЕП III од запишаните 7.977 избирачи гласале 5.879 од кои за кандидатот Вера Ацева гласале 5.489. Неважни гласачки ливчиња има 390.

За пратеник е избрана ВЕРА АЦЕВА, од Белград за која гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

8. Во изборната единица ПРИЛЕП V од запишаните 9 203 избирачи гласале 6.843 од кои за кандидатот Илија Рочески гласале 5.755. Неважни гласачки ливчиња има 1.088.

За пратеник е избран ИЛИЈА РОЧЕСКИ, од Прилеп за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

9. Во изборната единица ПРИЛЕП VII од запишаните 7.283 избирачи гласале 6.430 од кои за кандидатот Ѓоре Дамески гласале 5.948. Неважни гласачки ливчиња има 482.

За пратеник е избран ЃОРЕ ДАМЕСКИ, од Скопје за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

10. Во изборната единица ОХРИД I од запишаните 7.385 избирачи гласале 5.578 од кои: за кандидатот Вани Василески 2.631, а за кандидатот Сотир Пирузе 2.789. Неважни гласачки ливчиња има 158.

За пратеник е избран СОТИР ПИРУЗЕ, од Охрид што добил најголем број на гласови.

11. Во изборната единица ОХРИД IV целата изборна постапка се повторува поради тоа што и на повторното гласање во Општинското собрание ниту еден кандидат не го доби потребното мнозинство.

12. Во изборната единица КИЧЕВО II од запишаните 5.900 избирачи гласале 5.015 од кои за кандидатот Цветан Несторoски 3.982. Неважни гласачки ливчиња има 1.033.

За пратеник е избран ЦВЕТАН НЕСТОРОСКИ, од село Староец за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запашини во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

13. Во изборната единица КИЧЕВО III од запишаните 8.763 избирачи гласале 7.448 од кои за кандидатот Даут Мехмеди 6.766. Неважни гласачки ливчиња има 682.

За пратеник е избран ДАУТ МЕХМЕДИ, од Кичево за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запашани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

14. Во изборната единица РЕСЕН I од запишаните 6.871 избирачи гласале 6.177 од кои за кандидатот Живко Апостоловски 5.640. Неважни гласачки ливчиња има 537.

За пратеник е избран ЖИВКО АПОСТОЛОСКИ, од Ресен за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

15. Во изборната единица СТРУГА II од запишаните 6.891 избирачи гласале 5.830 од кои за кандидатот Беќир Жута 5.375. Неважни гласачки ливчиња има 455.

За пратеник е избран БЕЌИР ЖУТА, од Струга за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

16. Во изборната единица КРИВА ПАЛАНКА II целата изборна постапка се повторува поради тоа што и на повторното гласање во Општинското собрание ниту еден кандидат не го доби потребното мнозинство.

17. Во изборната единица КУМАНОВО I од запишаните 6.168 избирачи гласале 5.302 од кои за кандидатот Воислав Стојановски 4.968. Неважни гласачки ливчиња има 334.

За пратеник е избран ВОИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ, од Куманово за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

18. Во изборната единица КУМАНОВО V од запишаните 9.544 избирачи гласале 9.130 од кои за кандидатот Абдула Османи 8.286. Неважни гласачки ливчиња има 844.

За пратеник е избран АБДУЛА ОСМАНИ, од Куманово за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

19. Во изборната единица КУМАНОВО VI од запишаните 8.306 избирачи гласале 7.185 од кои за кандидатот Новко Цаневски 6.492. Неважни гласачки ливчиња има 693.

За пратеник е избран НОВКО ЦАНЕВСКИ, од Куманово за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

20. Во изборната единица КУМАНОВО VII од запишаните 9.307 избирачи гласале 7.736 од кои за кандидатот Спирко Ангеловски 6.863. Неважни гласачки ливчиња има 873.

За пратеник е избран СПИРКО АНГЕЛОВСКИ, од Куманово за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

21. Во изборната единица ИДАДИЈА I од запишаните 5.131 избирачи гласале 4.348 од кои за кандидатот Ванчо Цветковски 4.110. Неважни гласачки ливчиња има 238.

За пратеник е избран ВАНЧО ЦВЕТКОВСКИ, од Скопје за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

22. Во изборната единица ИДАДИЈА II од запишаните 6.009 избирачи гласале 4.752 од кои за кандидатот Густав Влахов 4.571. Неважни гласачки ливчиња има 181.

За пратеник е избран ГУСТАВ ВЛАХОВ, од Белград за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

23. Во изборната единица ИДАДИЈА III од запишаните 17.339 избирачи гласале 13.775 од кои за кандидатот Фана Кочовска-Цветковиќ 13.217. Неважни гласачки ливчиња има 558.

За пратеник е избрана ФАНА КОЧОВСКА-ЦВЕТКОВИЌ, од Скопје за која гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

24. Во изборната единица ИДАДИЈА IV од запишаните 7.955 избирачи гласале 6.559 од кои за кандидатот Милка Таќева 6.173. Неважни гласачки ливчиња има 386.

За пратеник е избрана МИЛКА ТАЌЕВА, од Скопје за која гласало мнозинството од сите изби-

рачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

25. Во изборната единица ИДАДИЈА V од запишаните 15.505 избирачи гласале 12.485 од кои за кандидатот Мито Хаџивасилев 12.061. Неважни гласачки ливчиња има 424.

За пратеник е избран МИТО ХАЏИВАСИЛЕВ, од Скопје за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

26. Во изборната единица КИСЕЛА ВОДА Ш од запишаните 10.927 избирачи гласале 7.984 од кои: за кандидатот Мито Мицајков 4.450, а за кандидатот Перо Димовски 3.082. Неважни гласачки ливчиња има 452.

За пратеник е избран МИТО МИЦАЈКОВ, од Скопје што добил најголем број на гласови.

27. Во изборната единица КАЛЕ II од запишаните 7.406 избирачи гласале 6.417 од кои за кандидатот Џавид Беговски 6.019. Неважни гласачки ливчиња има 398.

За пратеник е избран ЏАВИД БЕГОВСКИ, од Скопје за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

28. Во изборната единица КАЛЕ IV од запишаните 10.502 избирачи гласале 9.117 од кои за кандидатот Шукри Рамо 8.229. Неважни гласачки ливчиња има 888.

За пратеник е избран ШУКРИ РАМО, од Скопје за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

29. Во изборната единица КАЛЕ V од запишаните 3.657 избирачи гласале 3.159 од кои за кандидатот Кочо Битољану 2.957. Неважни гласачки ливчиња има 202.

За пратеник е избран КОЧО БИТОЉАНУ од Скопје за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

30. Во изборната единица КАЛЕ VI од запишаните 9.974 избирачи гласале 8.755 од кои за кандидатот Д-р Ксенте Богоев 8.436. Неважни гласачки ливчиња има 319.

За пратеник е избран Д-р КСЕНТЕ БОГОЕВ, од Скопје за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

31. Во изборната единица ГОСТИВАР I од запишаните 11.197 избирачи гласале 8.827 од кои за кандидатот Крсте Марковски 8.661. Неважни гласачки ливчиња има 166.

За пратеник е избран КРСТЕ МАРКОВСКИ, од Белград за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

32. Во изборната единица ГОСТИВАР Ш од запишаните 10.235 избирачи гласале 8.580 од кои за кандидатот Али Хасани 8.019. Неважни гласачки ливчиња има 561.

За пратеник е избран АЛИ ХАСАНИ, од Гостивар за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

33. Во изборната единица ГОСТИВАР IV од запишаните 5.944 избирачи гласале 4.832 од кои за кандидатот Аризан Несторовски-Марче 4.254. Неважни гласачки ливчиња има 578.

За пратеник е избран АРИЗАН НЕСТОРОВСКИ-МАРЧЕ, од Скопје за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

34. Во изборната единица ТЕТОВО I од запишаните 8.665 избирачи гласале 7.478 од кои за кандидатот Драган Спировски 7.251. Неважни гласачки ливчиња има 227.

За пратеник е избран ДРАГАН СПИРОВСКИ, од Скопје за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

35. Во изборната единица ТЕТОВО Ш од запишаните 8.767 избирачи гласале 6.761 од кои за кандидатот Цветан Аврамовски 6.496. Неважни гласачки ливчиња има 265.

За пратеник е избран ЦВЕТАН АВРАМОВСКИ, од Тетово за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

36. Во изборната единица ТЕТОВО IV од запишаните 13.514 избирачи гласале 11.965 од кои за кандидатот Хиџет Рамадани 11.869. Неважни гласачки ливчиња има 96.

За пратеник е избран ХИЏЕТ РАМАДАНИ, од Скопје за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

37. Во изборната единица ГЕВГЕЛИЈА II од запишаните 6.493 избирачи гласале 5.136 од кои за кандидатот Ѓорѓе Минев 4.826. Неважни гласачки ливчиња има 310.

За пратеник е избран ЃОРЃЕ МИНЕВ, од Богданци за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

38. Во изборната единица КАВАДАРЦИ II од запишаните 8.957 избирачи гласале 7.734 од кои за кандидатот Ристо Џунов 7.426. Неважни гласачки ливчиња има 308.

За пратеник е избран РИСТО ЏУНОВ, од Белград за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

39. Во изборната единица ТИТОВ ВЕЛЕС I од запишаните 11.862 избирачи гласале 9.381 од кои: за кандидатот Борис Мокров 4.298, а за кандидатот Методи Демниев 4.472. Неважни гласачки ливчиња има 611.

За пратеник е избран МЕТОДИ ДЕМНИЕВ, од Титов Велес што добил најголем број на гласови.

40. Во изборната единица ТИТОВ ВЕЛЕС II од запишаните 11.368 избирачи гласале 9.107 од кои за кандидатот Ќамуран Тахир 8.151. Неважни гласачки ливчиња има 956.

За пратеник е избран ЌАМУРАН ТАХИР, од Белград за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

41. Во изборната единица ТИТОВ ВЕЛЕС Ш од запишаните 8.139 избирачи гласале 6.872 од кои за

кандидатот Павле Игновски 6.361. Неважни гласачки ливчиња има 511.

За пратеник е избран ПАВЛЕ ИГНОВСКИ, од Скопје за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

42. Во изборната единица ДЕЛЧЕВО од запишаните 10.673 избирачи гласале 9.424 од кои за кандидатот Славе Атанасов 8.900. Неважни гласачки ливчиња има 524.

За пратеник е избран СЛАВЕ АТАНАСОВ, од Делчево за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

43. Во изборната единица КОЧАНИ Ш целата изборна постапка се повторува поради тоа што и на повторното гласање во Општинското собрание ниту еден кандидат не го доби потребното мнозинство.

44. Во изборната единица СВЕТИ НИКОЛЕ I од запишаните 6.939 избирачи гласале 6.092 од кои за кандидатот Стојан Пановски 5.838. Неважни гласачки ливчиња има 254.

За пратеник е избран СТОЈАН ПАНОВСКИ, од Скопје за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

45. Во изборната единица ПРОБИШТИП од запишаните 8.528 избирачи гласале 6.941 од кои: за кандидатот Ангел Василев 4.111, а за кандидатот Никола Јовановски 1.633. Неважни гласачки ливчиња има 1.197.

За пратеник е избран АНГЕЛ ВАСИЛЕВ, од Пробиштип кој добил најголем број на гласови.

46. Во изборната единица РАДОВИШ II од запишаните 5.466 избирачи гласале 5.172 од кои за кандидатот Васо Костадинов 5.138. Неважни гласачки ливчиња има 34.

За пратеник е избран ВАСО КОСТАДИНОВ, од Радовиш за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

47. Во изборната единица СТРУМИЦА I од запишаните 10.997 избирачи гласале 9.347 од кои за кандидатот Стојан Ќосев 9.176. Неважни гласачки ливчиња има 171.

За пратеник е избран СТОЈАН ЌОСЕВ, од Скопје за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

48. Во изборната единица СТРУМИЦА IV целата изборна постапка се повторува поради тоа што и на повторното гласање во Општинското собрание ниту еден кандидат не го доби потребното мнозинство.

49. Во изборната единица ШТИП I од запишаните 9.411 избирачи гласале 7.176 од кои за кандидатот Фируз Демир 6.702. Неважни гласачки ливчиња има 474.

За пратеник е избран ФИРУЗ ДЕМИР, од Скопје за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

50. Во изборната единица ШТИП II од запишаните 7.136 избирачи гласале 5.761 од кои за кандидатот Љупчо Самоников 5.652. Неважни гласачки ливчиња има 109.

За пратеник е избран ЉУПЧО САМОНИКОВ, од Штип за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

Бр. 437
28 април 1967 година
Скопје

РЕПУБЛИЧКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Секретар, **Никола Алексовски**, с. р.
Претседател, **Киро Никовски**, с. р.

ЧЛЕНОВИ:
Миле Крцковски, с. р.
Зоге Груевски, с. р.
Нуши Крлију, с. р.
Љубиша Варошлија, с. р.
Перо Липковски, с. р.

164.

ИЗВЕШТАЈ НА РЕПУБЛИЧКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ЗА РЕЗУЛТАТОТ ОД ИЗБОРИТЕ ЗА ПРАТЕНИЦИ НА СТОПАНСКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СРМ

ДО СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
— СТОПАНСКИ СОБОР —
СКОПЈЕ

Републичката изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, откако ги прими и разгледа изборните акти добиени од општинските изборни комисии, врз основа член 100 став 3 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија му поднесува на Собранието на Социјалистичка Република Македонија

И З В Е Ш Т А Ј

ЗА РЕЗУЛТАТОТ ОД ИЗБОРИТЕ ЗА ПРАТЕНИЦИ НА СТОПАНСКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I Изборите за пратеници на Стопанскиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се одржани на 9 април 1967 година во општинските собранија во Социјалистичка Република Македонија за изборните единици означени во Решението за распишување на избори за пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија бр. 01-253 од 11. II. 1967 година на Претседателот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, објавено во „Службен весник на СРМ“ бр. 5/67.

II Гласањето во општинските собранија се изврши за сите кандидати чии кандидатури беа потврдени и објавени од надлежните општински изборни комисии во смисла на член 68—81 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

III Надлежните општински изборни комисии ги утврдија резултатите од гласањето во смисла на член 93—97 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македо-

нија и според утврдените резултати ги прогласија за избрани и им издадоа уверенија на кандидатите што се означени како избрани во овој извештај.

Резултатите од изборите за секоја изборна единица се како следува:

1. Во изборната единица БИТОЛА I од вкупно 113 одборници гласале 102 одборници.

Кандидатот Томе Делов доби 52 гласа. Кандидатот Методи Цветковски доби 32 гласа а 18 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

За пратеник е избран ТОМЕ ДЕЛОВ.

2. Во изборната единица БИТОЛА III од вкупно 113 одборници гласале 102 одборници.

Кандидатот Никола Каранфиловски доби 54 гласа. Кандидатот Јонче Лозановски доби 15 гласа. Кандидатот Драгољуб Димитровски доби 6 гласа. Кандидатот Трендо Војновски доби 14 гласа а 13 гласачки ливчиња се прогласени како неважни.

За пратеник е избран НИКОЛА КАРАНФИЛОВСКИ.

3. Во изборната единица ПРИЛЕП II од вкупно 119 одборници гласале 103 одборници.

Кандидатот Благоја Талески доби 90 гласа. Кандидатот Бранко Трајкоски доби 11 гласа а 2 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

За пратеник е избран БЛАГОЈА ТАЛЕСКИ.

4. Во изборната единица ПРИЛЕП III од вкупно 119 одборници гласале 103 одборници.

Кандидатот Д-р Душко Боцески доби 82 гласа. Кандидатот Душан Златески доби 15 гласа а 6 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

За пратеник е избран Д-р ДУШКО БОЦЕСКИ.

5. Во изборната единица ПРИЛЕП IV од вкупно 119 одборници на првото гласање гласале 103 одборници.

На првото гласање кандидатот Владо Груески доби 39 гласа. Кандидатот Иван Крстески доби 39 гласа. Кандидатот Злате Ќосески доби 17 гласа, а 8 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

Со оглед да двата кандидати Владо Груевски и Иван Крстески добија најголем и еднаков број гласови, гласањето се повтори само меѓу овие кандидати.

На повторното гласање гласаа 94 одборници. Кандидатот Владо Груевски доби 50 гласа, а кандидатот Иван Крстески доби 44 гласа. Неважни гласачки ливчиња нема.

За пратеник е избран ВЛАДО ГРУЕСКИ.

6. Во изборната единица КУМАНОВО II од вкупно 109 одборници гласале 103 одборници.

Кандидатот Бранко Петрушевски доби 7 гласа. Кандидатот Лилјана Максимовска доби 17 гласа. Кандидатот Дончо Стојановски доби 26 гласа. Кандидатот Владо Антевски доби 1 глас. Кандидатот Грујо Стефанов доби 25 гласа. Кандидатот Милорад Димковски доби 21 глас а 6 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

За пратеник е избран ДОНЧО СТОЈАНОВСКИ.

7. Во изборната единица КУМАНОВО III од вкупно 109 одборници гласале 103 одборници.

Кандидатот инж. Цветко Јакимовски доби 57 гласа. Кандидатот Драгомир Тошиќ доби 37 гласа а 9 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

За пратеник е избран инж. Цветко Јакимовски.

8. Во изборната единица КУМАНОВО IV од вкупно 109 одборници гласале 103 одборници.

Кандидатот Ангел Бојковски доби 40 гласа. Кандидатот Цанко Трајковски доби 50 гласа а 13 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

За пратеник е избран ЦАНКО ТРАЈКОВСКИ.

9. Во изборната единица БРОД од вкупно 59 одборници гласале 58 одборници.

Кандидатот Андон Кузманоски доби 14 гласа. Кандидатот Миле Митрески доби 5 гласа. Кандидатот Јордан Ванески доби 7 гласа. Кандидатот Ѓорѓи Павлески доби 27 гласа. Кандидатот Милан Митковски доби 5 гласа.

За пратеник е избран ЃОРЃИ ПАВЛЕСКИ.

10. Во изборната единица КИЧЕВО II од вкупно 88 одборници гласале 81 одборник.

Кандидатот Драгољуб Пејоски доби 74 гласа а 7 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

За пратеник е избран ДРАГОЉУБ ПЕЈОСКИ.

11. Во изборната единица ОХРИД II од вкупно 99 одборници гласале 98 одборници.

Кандидатот Јонче Петрески доби 28 гласа. Кандидатот Никола Новески доби 56 гласа. Кандидатот Ристо Попоски доби 8 гласа. Кандидатот Борис Славески доби 2 гласа а 4 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

За пратеник е избран НИКОЛА НОВЕСКИ.

12. Во изборната единица РЕСЕН од вкупно 83 одборници гласале 77 одборници.

Кандидатот Живко Ефтимовски доби 31 глас. Кандидатот Миха Теговски доби 45 гласа а 1 гласачко ливче е прогласено за неважно.

За пратеник е избран МИХА ТЕГОВСКИ.

13. Во изборната единица СТРУГА II од вкупно 85 одборници гласале 83 одборници.

Кандидатот Петко Кленковски доби 37 гласа. Кандидатот Ристо Џепаровски доби 44 гласа а 2 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

За пратеник е избран РИСТО ЏЕПАРОВСКИ.

14. Во изборната единица КАЛЕ I од вкупно 140 одборници гласале 131 одборници.

Кандидатот Владимир Липковски доби 48 гласа. Кандидатот Трајче Петровски доби 8 гласа. Кандидатот Љупчо Огњановски доби 11 гласа. Кандидатот Џоџа Бојаџиевски доби 29 гласа. Кандидатот Панче Кондовски доби 31 глас а 4 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

За пратеник е избран ВЛАДИМИР ЛИПКОВСКИ.

15. Во изборната единица КАЛЕ III од вкупно 140 одборници гласале 131 одборник.

Кандидатот Ќемал Сејфула доби 113 гласови а 18 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

За пратеник е избран ЌЕМАЛ СЕЈФУЛА.

16. Во изборната единица ИДАДИЈА I од вкупно 129 одборници гласале 100 одборници.

Кандидатот Петар Најденовски доби 95 гласа а 5 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

За пратеник е избран ПЕТАР НАЈДЕНОВСКИ.

17. Во изборната единица КИСЕЛА ВОДА I од вкупно 140 одборници гласале 123 одборници.

Кандидатот Љуба Шопова доби 43 гласа. Кандидатот Симо Цветковски доби 33 гласа. Кандидатот Владо Тантуровски доби 13 гласа. Кандидатот Томе

Анакиев доби 32 гласа а 2 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

За пратеник е избрана ЉУБА ШОПОВА.

18. Во изборната единица КИСЕЛА ВОДА III од вкупно 140 одборници гласале 123 одборници.

Кандидатот Младен Павловски доби 71 глас. Кандидатот Русе Манчевски доби 32 гласа. Кандидатот Трајан Трпевски доби 17 гласа, а 3 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

За пратеник е избран МЛАДЕН ПАВЛОВСКИ.

19. Во изборната единица ГОСТИВАР II од вкупно 109 одборници гласале 105 одборници.

Кандидатот Џемаил Муареми доби 17 гласа. Кандидатот Самет Агуши доби 18 гласа. Кандидатот Рефик Селими доби 21 глас. Кандидатот Диме Стојановски доби 40 гласа, а 9 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

За пратеник е избран ДИМЕ СТОЈАНОСКИ.

20. Во изборната единица ГОСТИВАР III од вкупно 109 одборници гласале 105 одборници.

Кандидатот Тало Филипоски доби 23 гласа. Кандидатот Усеин Џафери доби 15 гласа. Кандидатот Милош Столески доби 40 гласа. Кандидатот Урош Матески доби 21 глас, а 6 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

За пратеник е избран МИЛОШ СТОЛЕСКИ.

21. Во изборната единица ТЕТОВО II од вкупно 117 одборници гласале 112 одборници.

Кандидатот Перо Стефаноски доби 61 глас. Кандидатот Душко Попоски доби 6 гласа. Кандидатот Љубе Трајковски доби 31 глас. Кандидатот Благоја Вељановски доби 9 гласа а 5 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

За пратеник е избран ПЕРО СТЕФАНОСКИ.

22. Во изборната единица ТЕТОВО IV од вкупно 117 одборници гласале 112 одборници.

Кандидатот Ашим Џемаили доби 23 гласа. Кандидатот Шабан Хаџисабриу доби 53 гласа. Кандидатот Сулејман Таири доби 27 гласа а 9 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

За пратеник е избран ШАБАН ХАЏИСАБРИУ.

23. Во изборната единица НЕГОТИНО од вкупно 47 одборници гласале 43 одборници.

Кандидатот Ристо Новоселски доби 5 гласа. Кандидатот Ванчо Мојсов доби 9 гласа. Кандидатот Ангел Ванев доби 9 гласа. Кандидатот Ристо Ѓорчев доби 5 гласа. Кандидатот Илија Јанчев доби 15 гласа.

За пратеник е избран ИЛИЈА ЈАНЧЕВ.

24. Во изборната единица ТИТОВ ВЕЛЕС II од вкупно 108 одборници гласале 97 одборници.

Кандидатот Момчило Марковски доби 31 глас. Кандидатот Стојче Стојанов доби 18 гласа. Кандидатот Данчо Зографски доби 36 гласа. Кандидатот Видое Батиќ доби 12 гласа.

За пратеник е избран ДАНЧО ЗОГРАФСКИ.

25. Во изборната единица ТИТОВ ВЕЛЕС III од вкупно 108 одборници гласале 97 одборници.

Кандидатот Илија Панов доби 32 гласа. Кандидатот Миодраг Бајдевски доби 16 гласа. Кандидатот Борис Манев доби 12 гласа. Кандидатот Томе Јордановски доби 36 гласа а 1 гласачко ливче е прогласено за неважно.

За пратеник е избран ТОМЕ ЈОРДАНОВСКИ.

26. Во изборната единица ДЕЛЧЕВО од вкупно 60 одборници гласале 59 одборници.

Кандидатот Љупчо Лазаров доби 15 гласа. Кандидатот Илија Прачковски доби 7 гласа. Кандидатот Милован Вучков доби 36 гласа а 1 гласачко ливче е прогласено за неважно.

За пратеник е избран МИЛОВАН ВУЧКОВ.

27. Во изборната единица КОЧАНИ II составена од општините КОЧАНИ И ВИНИЦА од вкупно 141 одборник гласале 122 одборници.

Кандидатот Методи Миланов доби 65 гласа. Кандидатот Димитар Костадинов доби 48 гласа а 9 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

За пратеник е избран МЕТОДИ МИЛАНОВ.

28. Во изборната единица СТРУМИЦА II од вкупно 115 одборници гласале 106 одборници.

Кандидатот Миле Илиев доби 64 гласа. Кандидатот Васил Гунчев доби 42 гласа.

За пратеник е избран МИЛЕ ИЛИЕВ.

29. Во изборната единица СТРУМИЦА III од вкупно 115 одборници гласале 106 одборници.

Кандидатот Ристо Стаменов доби 88 гласа а 18 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

30. Во изборната единица ШТИП од вкупно 99 одборници гласале 82 одборници.

Кандидатот Миле Миновски доби 26 гласа. Кандидатот Љупчо Кангалов доби 13 гласа. Кандидатот Ванчо Брашнаров доби 12 гласа. Кандидатот Миланчо Димов доби 30 гласа а 1 гласачко ливче е прогласено за неважно.

За пратеник е избран МИЛАНЧО ДИМОВ.

Бр. 414/1
20 април 1967 година
Скопје

РЕПУБЛИЧКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Секретар, **Никола Алексовски**, с. р.

Претседател, **Киро Никовски**, с. р.

ЧЛЕНОВИ:

Миле Крцковски, с. р.
Зоге Груевски, с. р.
Нуши Крлију, с. р.
Љубиша Варошлија, с. р.
Перо Липковски, с. р.

165.

ИЗВЕШТАЈ НА РЕПУБЛИЧКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ЗА РЕЗУЛТАТОТ ОД ИЗБОРИТЕ ЗА ПРАТЕНИЦИ НА ПРОСВЕТНО-КУЛТУРНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СРМ

ДО СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
— ПРОСВЕТНО-КУЛТУРЕН СОБОР —
СКОПЈЕ

Републичката изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, откако ги прими и разгледа изборните акти добиени од општинските изборни комисии, врз основа на член 100 став 3 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија му поднесува на Собранието на Социјалистичка Република Македонија

ИЗВЕШТАЈ
ЗА РЕЗУЛТАТОТ ОД ИЗБОРИТЕ ЗА ПРАТЕНИЦИ НА ПРОСВЕТНО-КУЛТУРНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. Изборите за пратеници на Просветно-културниот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се одржани на 9 април 1967 година во општинските собранија во Социјалистичка Република Македонија за изборните единици означени во Решението за распишување на избори за пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија бр. 01-253 од 11. II. 1967 година на Претседателот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, објавено во „Службен весник на СРМ" бр. 5/67.

II. Гласањето во општинските собранија се изврши за сите кандидати чии кандидатури беа потврдени и објавени од надлежните општински изборни комисии во смисла на член 68—81 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

III. Надлежните општински изборни комисии ги утврдија резултатите од гласањето во смисла на чл. 93—97 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и според утврдените резултати ги прогласија за избрани и им издадоа уверенија на кандидатите што се означени како избрани во овој извештај.

Резултатите од изборите за секоја изборна единица се како следува:

1. Во изборната единица БИТОЛА I од вкупно 113 одборници гласале 102 одборници.

Кандидатот Цане Скерлевски доби 67 гласа. Кандидатот Александар Тодоровски доби 27 гласа, а 8 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

За пратеник е избран ЦАНЕ СКЕРЛЕВСКИ.

2. Во изборната единица БИТОЛА III од вкупно 113 одборници гласале 102 одборници.

Кандидатот Васил Димовски доби 31 глас. Кандидатот Лазо Каровски доби 58 гласа а 13 гласачки ливчиња се прогласени како неважни.

За пратеник е избран ЛАЗО КАРОВСКИ;

3. Во изборната единица ПРИЛЕП II од вкупно 119 одборници гласале 103 одборници.

Кандидатот Александар Смугрески доби 71 глас. Кандидатот Д-р Орде Ивановски доби 19 гласа. Кандидатот Стеван Василевски доби 11 гласа, 2 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

За пратеник е избран АЛЕКСАНДАР СМУГРЕСКИ;

4. Во изборната единица ПРИЛЕП III од вкупно 119 одборници гласале 103 одборници.

Кандидатот Љубе Тодоровски доби 44 гласа. Кандидатот Борислав Кулески доби 50 гласа а 9 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

За пратеник е избран БОРИСЛАВ КУЛЕСКИ;

5. Во изборната единица ПРИЛЕП IV од вкупно 119 одборници гласале 103 одборници.

Кандидатот Ѓорѓи Брзачки доби 28 гласа. Кандидатот Петар Колески доби 13 гласа. Кандидатот Раде Чагороски доби 12 гласа. Кандидатот Данаил Коложегоски доби 36 гласа. Кандидатот Боше Митрески доби 5 гласа а 9 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

За пратеник е избран ДАНАИЛ КОЛОЖЕГОСКИ;

6. Во изборната единица КУМАНОВО II од вкупно 109 одборници гласале 103 одборници.

Кандидатот Душко Петровски доби 36 гласа. Кандидатот Димитар Стојанов доби 28 гласа. Кандидатот Трајко Зафировски доби 20 гласа. Кандидатот Соња Лалевска доби 15 гласа, а 4 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

За пратеник е избран ДУШКО ПЕТРОВСКИ.

7. Во изборната единица КУМАНОВО III од вкупно 109 одборници гласале 103 одборници.

Кандидатот Фета Арифи доби 33 гласа. Кандидатот Сефедин Сулејмани доби 57 гласа а 13 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

За пратеник е избран СЕФЕДИН СУЛЕЈМАНИ;

8. Во изборната единица КУМАНОВО IV од вкупно 109 одборници гласале 103 одборници.

Кандидатот Стојадин Стојановиќ доби 81 глас а 22 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

За пратеник е избран СТОЈАДИН СТОЈАНОВИЌ;

9. Во изборната единица БРОД од вкупно 59 одборници гласале 58 одборници.

Кандидатот Венче Станковски доби 31 глас. Кандидатот Ѓуро Поповски доби 13 гласа. Кандидатот Воислав Цветаноски доби 14 гласа.

За пратеник е избран ВЕНЧЕ СТАНКОВСКИ.

10. Во изборната единица КИЧЕВО II од вкупно 88 одборници гласале 81 одборник.

Кандидатот Сиљан Кацески доби 59 гласа. Кандидатот Иса Гижа доби 20 гласа а 2 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

За пратеник е избран СИЉАН КАЦЕСКИ;

11. Во изборната единица ОХРИД II од вкупно 99 одборници гласале 98 одборници.

Во првото гласање кандидатот Љубен Баткоски доби 40 гласа. Кандидатот Димитар Митрев доби 40 гласа. Кандидатот Стојан Ристески доби 9 гласа. Кандидатот Војислав Благески доби 3 гласа а 6 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

Со оглед да двата кандидата Љубен Баткоски и Димитар Митрев добија најголем и еднаков број на гласови гласањето се повтори помеѓу нив.

На повторното гласање гласале 92 одборници. Кандидатот Љубен Баткоски доби 38 гласа. Кандидатот Димитар Митрев доби 45 гласа а 9 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

За пратеник е избран ДИМИТАР МИТРЕВ.

12. Во изборната единица РЕСЕН од вкупно 83 одборници гласале 77 одборници.

Кандидатот Драги Тозија доби 70 гласа а 7 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

За пратеник е избран ДРАГИ ТОЗИЈА.

13. Во изборната единица СТРУГА II од вкупно 85 одборници гласале 83 одборници.

Кандидатот Инает Даути доби 76 гласа а 7 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

За пратеник е избран ИНАЕТ ДАУТИ.

14. Во изборната единица КАЛЕ I од вкупно 140 одборници гласале 131 одборник.

Кандидатот Славка Георгиева — Андреевиќ доби 85 гласа. Кандидатот Јован Шарац доби 11 гласа. Кандидатот Злате Поповски доби 17 гласа. Кандидатот Елена Ќука доби 13 гласа а 5 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

За пратеник е избрана СЛАВКА ГЕОРГИЕВА — АНДРЕЕВИЌ;

15. Во изборната единица КАЛЕ III од вкупно 140 одборници гласале 131 одборник.

Кандидатот Д-р Славчо Бахчеванџиев доби 53 гласа. Кандидатот Сениха Спахију доби 21 глас. Кандидатот Нада Василевска доби 49 гласа а 8 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

За пратеник е избран Д-р СЛАВКО БАХЧЕВАНЏИЕВ.

16. Во изборната единица ИДАДИЈА I од вкупно 129 одборници гласале 100 одборници.

Кандидатот Љубица Ковачевска доби 31 глас. Кандидатот Петре Прличко доби 36 гласа. Кандидатот Душко Црвенковски доби 12 гласа. Кандидатот Петар Карајанов доби 12 гласа а 9 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

За пратеник е избран ПЕТРЕ ПРЛИЧКО.

17. Во изборната единица КИСЕЛА ВОДА I од вкупно 140 одборници гласале 123 одборници.

Кандидатот Д-р Никола Узунов доби 81 глас. Кандидатот Васка Дума доби 37 гласа а 5 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

За пратеник е избран Д-р НИКОЛА УЗУНОВ;

18. Во изборната единица КИСЕЛА ВОДА III од вкупно 140 одборници гласале 123 одборници.

Кандидатот Викторија Андреевска доби 50 гласа. Кандидатот Томислав Тодоровски доби 25 гласа. Кандидатот Славка Арсова доби 41 глас, 7 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

За пратеник е избрана ВИКТОРИЈА АНДРЕЕВСКА.

19. Во изборната единица ГОСТИВАР II од вкупно 109 одборници гласале 105 одборници.

Кандидатот Аметсаи Фетаи доби 24 гласа. Кандидатот Ирфан Билали доби 54 гласа. Кандидатот Муарем Шабани доби 17 гласа а 10 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

За пратеник е избран ИРФАН БИЛАЛИ.

20. Во изборната единица ГОСТИВАР III од вкупно 109 одборници гласале 105 одборници.

Кандидатот Мојсо Ѓорѓиевски доби 39 гласа. Кандидатот Драге Илкоски доби 1 глас. Кандидатот Идриз Незири доби 22 гласа. Кандидатот Ристо Скилевски доби 1 глас. Кандидатот Исо Чапаровски доби 15 гласа. Кандидатот Садби Азири доби 20 гласа, а 7 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

За пратеник е избран МОЈСО ЃОРЃИЕВСКИ.

21. Во изборната единица ТЕТОВО II од вкупно 117 одборници гласале 112 одборници.

22. Кандидатот Али Љазими доби 22 гласа. Кандидатот Сулејман Садику доби 26 гласа. Кандидатот Риза Вела доби 6 гласа. Кандидатот Беќир Бериша доби 12 гласа. Кандидатот Назиме Мурати доби 13 гласа. Кандидатот Тефик Османи доби 5 гласа. Кандидатот Азра Селимхоџиќ доби 19 гласа а 9 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

За пратеник е избран СУЛЕЈМАН САДИКУ.

22. Во изборната единица ТЕТОВО IV од вкупно 117 одборници гласале 112 одборници.

Кандидатот Осман Имери доби 37 гласа. Кандидатот Нухи Бесими доби 40 гласа. Кандидатот Минир Љумани доби 24 гласа, а 11 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

За пратеник е избран НУХИ БЕСИМИ.

23. Во изборната единица НЕГОТИНО од вкупно 47 одборници гласале 43 одборници.

Кандидатот Киро Андов доби 38 гласа а 5 гласачки ливчиња се прогласени за неважни.

За пратеник е избран КИРО АНДОВ.

24. Во изборната единица ТИТОВ ВЕЛЕС II од вкупно 108 одборници гласале 97 одборници.

Кандидатот Славко Николов доби 55 гласа. Кандидатот Веса Синадинова доби 30 гласа, кандидатот Цветан Ќулумов доби 12 гласа.

За пратеник е избран СЛАВКО НИКОЛОВ;

25. Во изборната единица ТИТОВ ВЕЛЕС III од вкупно 108 одборници гласале 97 одборници.

